Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот инспекторат за животна средина, донесе

# РЕШЕНИЕ

1. По Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од застапник/полномошник на барателот на информацијата, Уранија Пировска, Извршен Директор во Здружение Хелсиншки комитет за човекови права од Скопје, заведено во Државниот Инспекторат за животна средина под бр.12-129/1 од 27.01.2022 година, **се дава целосен пристап до бараната информација.**

## *Образложение*

До Државниот инспекторат за животна средина поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на застапник/полномошник на барателот на информацијата, Уранија Пировска, Извршен Директор во Здружение Хелсиншки комитет за човекови права од Скопје, заведено во Државниот Инспекторат за животна средина под бр.12-129/1 од 27.01.2022 година. По разгледување на истото утврдено е дека се бараат акти од постапување при вонреден инспекциски надзор по предмет ИП1 15-475 од 06.12 (Записник за констатација) односно 10.12.2021 година (Решение), а објавата на Фејсбук страницата на ДИЖС е на ден 16.12.2021 година. Надлежен Државен Инспектор за животна средина за предметот е Мите Начев од Одделението за инспекциски надзор во животната средина-Скопски регион, Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата.
Од страна на Државниот Инспекторат за животна средина е изготвен Записник за констатација и Решение како акти во инспекциска постапка кои ги доставуваме во прилог на ова решение во е-формат.

**Права поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

Република Северна Македонија
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под бр.12-129/2 од 27.01.2022 година.**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер:
Дарко Блинков

В.Д Директор

М-р Сретен Стојковски

Прилог:

- Записник за констатација ИП1 бр.15-475 од 06.12.2021 година
- Решение ИП1 бр.15-475 од 10.12.2021 година


Државен инспекторат за животна средина
Република Северна Македонија

Палата "Емануел Чучков
"Ул. „Павел Шатев" бр. 2, кат 5, Скопје,
Република Северна Македонија

+389 71 214 730
www.sei.gov.mk